Република Северна Македонија
Министерство за здравство

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКА И БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**на**

**Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2018 година**

1. **Опис на постигнувања**

- Број на лица со дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2 кои се на инсулинска терапија се 40.000 лица ,
- Број на лица со дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2 кои добиваат инсулин преку Програмата се 40.000 лица
- Број на лица со дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2 кои добиваат глукагон преку Програмата се сите пациенти на кои им се препишува глукагон од пациентите кои се на инсулинска терапија.
- Број на лица со дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2 кои добиваат инсулински игли преку Програмата се 40.000 лица
- Број на лица со дијабетес тип 1 и дијабетес тип 2 кои добиваат ленти за мерење на шеќер во крв преку Програмата се сите 40.000 пациенти.
- Број на лица со дијабетес тип 1 кои добиваат потрошен материјал за инсулински пумпи 201 лица со пумпи

2. **Извештај за програмска и буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерството за здравство и буџетот на самофинансирачки активности**

**A10AB Хумани инсулини и аналози со кратко дејство**

| Бр. | ATC kod | Генерика | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Количина во скатули |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A101B01 | Хуман кристален инсулин | Наполнето инјекциско пенкало/ патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml; 5*3ml | 1482 |
| 2 | A10AB05 | Инсулин – аналог Aspart | Наполнето инјекциско пенкало/ патрон со пенкало за | 100IE/1ml; 5*3ml | 17,186 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | повеќекратна употреба* | | |
| 3 | A10AB05<br>A10AB04 | Инсулин – аналог Aspart<br>Инсулин – аналог Lispro | Флакон | 100IE/1ml; 10ml | 873 |
| 4 | A10AB06 | Инсулин – аналог Glulisine | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml; 5*3ml | 5716 |
| 5 | A10AB04 | Инсулин – аналог Lispro | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml; 5*3ml | 2003 |
| 6 | A10AD01 | Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со хуман инсулин со кратко дејство (70/30 или 75/25) инсулин | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml ; 5*3ml | 42.402 |
| 7 | A10AD05 | Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин aspart (70/30) | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml ; 5*3ml | 137.882 |
| 8 | A10AD04 | Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин lispro (75/25) инсулин | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml ; 5*3ml | 16.892 |
| 9 | A10AD04 | Хуман со средно продолжено дејство комбиниран со инсулин lispro (50/50) инсулин | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml ; 5*3ml | 4.688 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | A10AC01 | Хуман инсулин со средно проложено дејство | Наполнето | 100IE/1ml ; 5*3ml | 42.052 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | A10AE05 | *Инсулин аналог до долго дејство detemir | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml; 5*3ml | 42.130 |
| 12 | A10AE04 | Инсулин аналог до долго дејство glargine | Наполнето инјекциско пенкало/<br><br>патрон со пенкало за повеќекратна употреба* | 100IE/1ml; 5*3ml | 31.414 |

**H04 Панреатични хормони**

| Бр | ATC kod | Генерика | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | H04AA01 | Глукагон | Медицински инјекционен шприц прашок и вехикулум за раствор за инјектирање | 1mg/1ml | 1335 |

**Инсулински игли**

| Бр. | ATC kod | Генерика | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | | Игла за инсулинско пенкало | Инсулинска игла | 6-9mm | 2.804.256 |

**Ленти за мерење на шеќер во крв**

Со Програмата за 2018 година се обезбедија и ленти за мерење на шеќерот во крвта. Во Програмата беа предвидени 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1 . За лицата со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија

Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| Ленти за мерење шеќер во крв (вид на глукометар) * | Количина (пакување/50 ленти)<br>357.000 |
|---|---|

Во програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2018 година е предвидено снабдување на 180 пациенти со дијабетес тип 1, согласно медицината базирана на докази и важеќките прописи, со инсулински пумпи и потрошни материјали.

| Потрошен материјал за инсулински пумпи | Пакoвање |
|---|---|
| Инфузиски сет (9/6 мм канила и 109/58 цм пластичноцрево,А 1/10 | 1.606 |
| Резервоар за инсулин (1.8/3.0 мл) А 1/10 | 1.606 |
| Сензор за гликозно мониторирање со агол од 90 степени | 400 |
| Систем за континуирана испорака на инсулин | 25 |
| Систем линк за поврзување со сензор | 6 |

**Камп за едукација на деца со дијабетес– 185.000,00 денари**

Кампот беше планиран во организација на ЈЗУ УК за детски болести. Целта на кампот е едукација на лица со дијабетес тип 1 кај кои не е постигната добра гликорегулација, како и кај лица со дијабетес каде е потребно интервенција во терапијата. Основната идеја е преку едукативни сесии да бидат опфатени сите аспекти на дијабетес како што се прифаќање на состојбата, учење за правилна исхрана, физичка активност, подесување на доза на инсулин и секојдневно живеење со дијабетесот. Кампот не се одржа.

**Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта- 60.000,00 денари.**

За 2018 се предвиди и одржување на едукативнио сесии по основни и средни училишта со учениците и студентите од страна на специјалисти. Едукацијата се состои од т.н. структурирани едукативни сесии (дијабетес, хипогликемија, хипергликемија, инсулин, подесување на инсулинска доза за време на болести, физичка активност, исхрана, бременост, алкохол), спортски активности како и културни социјални настани. На овој начин се овозможува интервенција во иднината на младите, каде ќе се заштити нивното здравје. Едукацијата е во организација на Министерство за здравство.Едукацијата не се одржи.


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

Бр.
___________________
_____________година

**Изработка на брошури и флаери за дијабетес-100.000, 00 денари**

Изработка на брошури и флаери во боја со симптоми за хипогликемија и хипергликемија (ниско ниво на шеќерот во крвта и високо ниво на шеќерот во крвта), како би им се олеснило на лицата со дијабетес полесно да научат да ја препознаваат состојбата на хипогликемија и на хипергликемија. Симптомите треба да бидат означени сликовито и со детален опис и како да се препознае кој симптом индицира хипогликемија, а кој хипергликемија. Изработка на брошура (џебно издание) каде што би се наброиле сите прехрамбени артикли достапни на пазарот на Република Македонија, па и пошироко со тоа кој колку јаглени хидрати содржи и како делува врз нивото на шеќер во крвта. Брошурата е замислена да биде џебно издание како би можел секој оној што има дијабетес да може да ја носи со себе, секаде и во секое време. Не се изработија и не се штампаа истите.

Степенот на реализација на Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2018 година е 100%.

**Рекапитулар**

| Рекапитулар | *Денари* |
|---|---|
| **Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2018 година** | **619.655.000,00** |
| **Камп за едукација на деца со дијабетес** | **185.000,00** |
| **Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта** | **60.000,00** |
| **Изработка на брошури и флаери за дијабетес** | **100.000,00** |
| **Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Македонија** | **620.000.000,00** |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk